# Прилог 1

# Заклучоци и препораки по првите извештаи на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година

**Генерални заклучоци и препораки:**

НСП заклучи дека од вкупно 7 формирани работни групи (РГ), скоро сите (со исклучок на една РГ) ја отпочнале својата работа и доставиле извештај до НСП. Со работа не отпочнала и извештај не е доставен од РГ за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди, со образложение дека работата на оваа РГ е поврзана со предлозите и работата на останатите РГ. Сепак, НСП заклучи дека РГ треба да отпочне со работа идентификувајќи ги слабостите и потребата од унапредување на состојбите од оваа област и ги упатува РГ на поголема соработка со оваа РГ.

По разгледувањето на првите извештаи, НСП констатира дека РГ во основа ги идентификувале можностите за подобрување на платните системи во Република Македонија, при што понудиле предлози за нивно подобрување и развој со цел ефикасна имплементација на зацртаните стратешки насоки и цели. Притоа, НСП констатира дека за практична имплементација на поголем дел од предлозите потребно е нивно доработување и разработување на инструментите со кои би се реализирале (наведени подолу во документот). Воедно, НСП препорача РГ при дефинирањето и давањето предлози да се држат во рамките на материјата која е предмет на работа на соодветната РГ. Имено, некои од предлозите на РГ се однесуваат на тековни состојби за кои е потребна меѓуинституционална соработка и кои единствено во случај на проблеми при билатералната комуникација и појавена потреба од координација, треба да се доставaт до НСП.

НСП посебно го истакна систематизираниот пристап и работа на РГ за правна подршка, особено следењето и проучувањето на правото на ЕУ (ЕУ acquie) од областа на платните системи што овозможува ефикасност во давањето правна поддршка на останатите РГ. НСП ги упатува РГ на поголема соработка со РГ за правна подршка, со цел конкретизирање на предлозите и имплементација на барањата од правото на ЕУ во домашната регулатива. Исто така, НСП констатира дека поголем дел од предлозите на одделните РГ се административни, заради што е потребно проучување на домашната регулатива и запознавање со правото на ЕУ од областа на платните системи и од страна на членовите на одделните РГ.

Со оглед на практичното искуство на членовите во РГ од банкарскиот сектор, НСП констатира дека е потребен поголем ангажман од истите во иницирањето на пазарни инструменти, со цел да се утврдат и имплементираат најдобрите светски практики (СЕПА) од областа која се третира во соодветната РГ.

За да се обезбеди воедначен пристап и поголема ефикасност при работата со цел практична реализација, како на доставените предлози по првите извештаи, така и на идните предлози, НСП ги дефинира следните основни инструменти:

**а.Административен инструмент**
**б.Пазарен инструмент и**
**в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл.**

**а.Административен инструмент**

Овој инструмент се употребува во колку предлогот на РГ подразбира интервенција во постојната правна рамка од страна на надлежен административен орган (во вид на: регулатива, известување, наредба или слично), неопходна за остварување на стратегиската насока која е цел на соодветната РГ.

Мерките и активностите кои РГ ги презема во рамките на овој инструмент се:
- врши идентификација на постојната домашна регулатива со која е регулирана предметната материја и го идентификува надлежниот административен орган;
- преку претставниците од државните институции во рамките на соодветната РГ, врши консултации со надлежниот административен орган со цел осознавање на евентуалните намери за промена на регулативата во таа насока согласно редовните активности на надлежниот орган и/или во рамки на активностите за усвојување на правото на ЕУ;
- предлага конкретен административен инструмент (предлог за измена на регулативата, предлог известување, предлог наредба и сл.)
- предлогот го доставува до РГ за правна поддршка која ги согледува сите аспекти (правна заснованост на дадениот предлог, поврзаност со друга регулатива, потреба од измени во друга регулатива, поврзаност со обврската за имплементација на правото на ЕУ и сл.) и доставува мислење по истиот до РГ предлагач.
- конечниот предлог, заедно со мислењето од РГ за правна подршка, го доставува до НСП и го елаборира пред членовите на НСП.
- НСП го разгледува предлогот и доколку постои оправданост го доставува до надлежниот административен орган.

Со овој инструмент се претпоставува во извештаите да не се користат фрази од типот "имаме ограничување од постојната регулатива", "зависи од овој Закон или сл.", односно работната група во соработка со РГ за правна поддршка може да предложи подлабински измени кои ќе одат во насока на остварување на предвидената стратегиска цел.

**б.Пазарен инструмент**

Доколку остварувањето на стратегиската насока (цел) на РГ зависи од пазарните сили, а пазарот на испорака на платни сервиси не може да ја оствари сам по себе оваа цел, најчесто заради потребата од координација на учесниците во платните системи (банки, клириншки институции, НБРМ, сектор трезор при Министерство за финансии и слично), РГ го користат овој инструмент за имплементирање на стратегиската насока.

Мерките и активностите кои РГ ги презема во рамките на овој инструмент се:
:
- ја анализира поставеноста на постојната платна инфраструктура и/или платни сервиси и ги идентификува слабостите на истата;
- предлага конкретно разработена иницијатива и активности кои треба да се превземат;
- предлогот го доставува до РГ за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди која ги согледува аспектите на изводливост, ефикасност и

сигурност, како и компатибилност со СЕПА стандардите и доставува мислење по истиот до РГ предлагач;

- конечниот предлог, заедно со мислењето од РГ за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди, го доставува до НСП и го елаборира пред членовите на НСП
- НСП како советодавно-координативно тело на трите основачи (Здружение на банки, НБРМ и Министерство за финансии) го разгледува предлогот и доколку постои оправданост за ваквата иницијатива, ја поттикнува имплементацијата,.

Со овој инструмент се претпоставува поголема иницијативност на членовите во РГ од банкарскиот сектор од аспект на осознавање на најдобрите светски практики од оваа област (пр. паневропската платежна инфраструктура) и нивно преточување во националните платни системи и инфраструктура. Се охрабруваат работните групи да креираат поголема иницијативност со цел поголемо раздвижување на пазарот на платните сервиси, а во извештаите да се избегнуваат фрази од типот "ова зависи од оваа или онаа банка или институција" и однапред можеби добра иницијатива би се прогласила за неуспешна.

**в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл.**

Овој инструмент РГ имаат можност да го користат доколку сметаат дека остварувањето на стратегиската насока (цел) зависи од информираноста и/или едуцираноста на пазарните учесници и крајни корисници на платните сервиси, како за примената на новите предложени решенија од РГ, така и за поголема ефикасност на постојните.

Мерките и активностите кои РГ ги презема во рамките на овој инструмент се:

- анализа на состојбите и идентификација на обласста и субјектите за кои е потребна подобра информираност и едукација;
- анализата со конкретен предлог - проект за кампања, едукација, промоција, семинари и слично, и евентуален предлог за институцијата која би била вклучена за негово спроведување, ги доставува до НСП;
  -НСП го разгледува предлогот и во случај на негова оправданост може да даде позитивна препорака до соодветната институција или се ангажира во организација и изнаоѓање на соодветна институција за негово спроведување

НСП ги задолжи РГ, при доставувањето на конкретните предлог инструменти, да идентификуваат и достават индикатори за квантитативно мерење на ефектите од идните мерки и активности по предлозите на одделните РГ (квантитативни индикатори).

НСП го констатира правото на координаторите на работните групи да го известат НСП за членовите од РГ кои не се редовни на состаноците и/или не покажуваат интерес за работата во РГ и да побараат нивна соодветна замена. НСП за ваквата состојба ги известува институциите кои ги номинирале членовите во работните групи со барање за номинирање на нов член.

НСП заклучи дека задолжителни елементи на извештаите на работните групи се: преглед на инструментите кои се предлагаат, целосно име и презиме и потпис на координаторот и членовите од РГ кои учествувале во работата и датумот на составување на извештајот.

НСП ги задолжи РГ следните извештаи со конкретните предлог инструменти и квантитативните индикатори да ги доставaт најдоцна до крајот на февруари од наредната година, а би се разгледувале на следната седница на НСП, која се планира за почетокот на вториот квартал.

**Заклучоци и препораки по конкретните предлози од првите извештаи на РГ:**

По разгледувањето на поединечните извештаи од РГ, НСП изврши класификација на предлозите според видовите на инструменти со кои би се овозможила нивната реализација, во вид на табеларен преглед за секоја РГ и инструмент одделно. НСП заклучи дека секоја РГ по доставените предлози од првиот извештај треба да пристапи кон конкретна примена на мерките и активностите кои се предвидени во рамките на секој инструмент одделно. По предлозите од некои РГ, НСП даде дополнителни насоки кои исто така се составен дел од табеларниот преглед.

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Дополнителни насоки од НСП |
|---|---|---|---|---|
| **Работна група за потикнување на нагорни трендови на безготовинските плаќања** | На барање од РГ со цел да се идентификуваат административни пречки во постојната правна регулатива од аспект на безготовинските плаќања, добиени се предлози од Здружението на банкарство (ЗБ). | Зголемување на бројот на ПОС терминали во малопродажните места што би прифаќале поголем број на брендови на платежни картички. | Иницијатива до Министерството за финансии за организирање на кампања за интернет банкарство преку јавниот радиотелевизиски сервис МРТВ. | а) да се направи разграничување на предлозите од ЗБ од аспект на тоа дали се поврзани со работата на оваа или друга РГ од предлозите по прашања кои би требало билатерално да ги решаваат со надлежните институции и не се поврзани со стратегиските насоки на НСП<br>в) да се испита можноста за организирање на ваков вид на кампања преку Министерството за финансии како и дали и колку се спремни и банките да се приклучат во ваквата кампања во вид на кофинансирање. |
| **Работна група за електронски кредитни трансфери** | Стандардизација на платните инструменти за елктронски кредитни трансфери и ревизија на начинот на нивно дефинирање во Упатството за платни инструменти. | Хармонизација на платните инструменти за елктронски кредитни трансфери со паневропската платежна инфраструктура. | Организирање на семинар за оваа тема за банкарскиот сектор. | б) Работната група да направи анализа на постојната состојба со предлог за хармонизација на платните инструменти<br>в) НБРМ во рамки на техничката соработка со Централната банка на Холандија е во процес на договорање на семинар за 2009 кој ќе ги покрие сите аспекти од работните групи. |
| **Работна група за електронски директни задолжувања** | Измени во Законската и подзаконската регулатива за воведување на инструмент за директно задолжување. | Најдобрите светски практики особено од земјите во ЕУ за примената на овој инструмент. | Предложена е промоција на овој инструмент кај граѓаните и правните лица. | |
| **Работна група за платежни** | -Воспоставување на правна рамка за работење со платежни картички | За домашните мрежи да се дефинираат | - Кампања за користење на платежните | а) и б) РГ пред да се пристапи кон изготвувањето на конкретните предлози согласно генералните препораки, |

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Дополнителни насоки од НСП |
|---|---|---|---|---|
| **картички** | - зголемување на правната заштита од злоупотреба и криминал со платежна картичка . | стандарди компатибилни со СЕПА рамката за платежни картички. | картички во трговската мрежа.<br><br>-Семинар за едукација на банкарскиот сектор. | потребно е во соработка со РГ за правна поддршка и РГ за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди да се направи анализа на постојната правна рамка, правото на ЕУ и светските практики и стандарди, со цел да се разграничи дали конкретната област е подобро да биде регулирана административно или договорно во рамките на банкарскиот сектор.<br>в) НСП препорача најпрво да се спроведат активностите и мерките предвидени со инструментите а) и б) како и да се согледаат ефектите од кампањата на РГ за поттикнување на нагорни трендови на безготовинските плаќања, , а во однос на едукација на банкарскиот сектор НБРМ веќе во рамки на техничката соработка со Централната банка на Холандија е во процес на договорање на семинар за 2009 кој ќе ги покрие сите аспекти од работните групи. |
| **Работна група за кеш** | Детектирана е потреба од ревизија на постојната регулатива и донесување на нова појасна и подетална регулатива со конкретни мерки кои јасно ќе ги регулираат и дефинираат условите и начинот на работа со готови пари од страна на сите субјекти во економијата. | Зголемување на ефикасноста при ракувањето со кеш. | Работната група достави повеќе предлози за промовирање на безготовинското плаќање. | б)РГ во соработка со Здружението за банкарство и Дирекцијата за платни системи (за податоци со кои располага НБРМ) да обезбеди податоци за трошоците при ракување со кеш (провизија за подигање во кеш, за плаќање во кеш преку банка и сл.) и за трошоците при безготовинско плаќање, како и висината на овие провизии за извршување на трансакциите, во функција на подетална анализа која (врз основа на овие податоци) би ја изработила РГ; |

| Работна група | а.Административен инструмент | б.Пазарен инструмент | в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл. | Дополнителни насоки од НСП |
|---|---|---|---|---|
| | | | | в) да се разработат предлозите одделно со инструменти за нивна реализација, согласно дадените генерални препораки на НСП и во соработка со РГ за потикнување на нагорни трендови на безготовинските плаќања да се направи разграничување на предлозите од домените на работи на двете РГ. |
| **Работна група за правна подршка** | Даден е систематизиран преглед на правото на ЕУ (ЕУ acquie) од областа на платните системи кој овозможува ефикасност во правната поддршка на работните групи. | | | а)РГ прегледот на правото на ЕУ во електронска верзија да го достави до секретарот на НСП за поставување на интернет страната на НБРМ во делот за НСП, каде би имале пристап сите членови на РГ со цел унапредување на нивната работа и поголема ефикасност во соработката со РГ за правна поддршка;<br>- РГ да изврши идентификација и поврзување на домашните правни акти со правните акти на ЕУ од обласа на платните системи и истото да го достави до секретарот на НСП во функција на погоренаведената цел. За оваа активност, со цел поголема ефикасност и искористување на капацитетите во државата од досегашните активности за имплементација на правото на ЕУ, НСП препорачува РГ да побара од СЕП информации за досега идентификуваните домашни правни акти со одделните директиви и други правни акти на ЕУ, како и предвидените рокови за нивна имплементација од страна на државните органи, поставени во официјалните |

| **Работна група** | **а.Административен инструмент** | **б.Пазарен инструмент** | **в.Инструмент - кампања, едукација, промоција, семинари и сл.** | **Дополнителни насоки од НСП** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | национални документи (НПАА, АП и сл.). |
| **Работна група за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди** | | | | НСП го задолжи координаторот на работната група да отпочне со работа согласно дадените генерални насоки, како и да отпочне со проучување на СЕПА стандардите во функција на ефикасна поддршка на останатите РГ при дефинирањето на пазарните инструменти. |